


# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА КОАЛИЦИЈАТА
## ЗА 2013 И 2014

СКОПЈЕ, 2015

# Содржина

До Нашите Конституенти ____ 1
Реализирани Проекти во 2014 ____ 3
Реализирани Проекти во 2013 ____ 8
Посетени Регионални Обуки во 2013/2014 ____ 13
10 Години Сите за правично судење ____ 14
Финансиски Извештај за 2014 ____ 15
Дел од Нашите Публикации ____ 16
Контакт Информации ____ 17
Информации за Коалицијата ____ 17

# До Нашите Конституенти

## Стратешко определување

Коалицијата на здруженија на граѓани Сите за правично судење е мрежа на 19 здруженија на граѓани кои имаат заедничка мисија: "Следење на почитувањето на човековите права и слободи посебно на меѓународните стандарди за правично судење преку разни форми на делување во настојувањето да се зголеми нивото на нивното имплементирање, да се иницираат институционални и правни реформи како и да се врати довербата на граѓаните во судството и другите институции на системот".

Мрежата е составена од следните организации: АДИ Гостивар; АРКА – Куманово; Граѓанска асоцијација – Битола; Здружение за правата на ромите – Штип; ЗПД – Скопје; Меѓаши – Скопје; МОСТ – Скопје; Младински Образовен Форум – Скопје; ПХУРТ – Делчево; Спектар – Штип; СППМД – Кавадарци; Месечина – Гостивар; Здружение на Тиквешки Роми – Кавадарци; Избор – Струмица; Форум на млади – Битола; Младински културен центар – Битола; Здружение за млади правници Павел Шатев – Кочани и Ромски едукативен центар АМБРЕЛА - Скопје.

Во Коалицијата на доброволна основа членуваат здруженија на граѓани од Р. Македонија заради следење на судските процеси пред надлежните судови во Р. Македонија, со цел осигурување на загарантираните права за правично судење како е предвидено со Уставот, законите и ратификуваните меѓународни договори. Коалицијата работи на зголемување на јавната свест и зајакнување на довербата на граѓаните во институциите на системот, посочување на потребата и директна работа на можните реформи во судството. Се залагаме за промоција на владеењето на правото, зголемувањето на практичните знаења на студентите на право, зајакнување на улогата и капацитетите на граѓанските организации и унапредување на човековите права.

Коалицијата **„Сите за правично судење"** се залага за еднаков пристап до правдата на сите граѓани на Р. Македонија преку давање на бесплатна правна помош. До крајот на 2014 година, извршивме **набљудување на 2230 предмети од кривичното и граѓанско право, за што беа изработени над 18 стручни анализи и извештаи.**

За сите овие набљудувања во досегашниот период се изготвувани анализи, публикации и стручни трудови а воспоставената пракса ќе продолжи и во наредниот период. Овие факти ја прават Коалицијата Сите за правично судење водечка организација во регионот на Југоисточна Европа по однос на бројот на набљудувани судски случаи и публикувани анализи за ефикасноста на судските постапки, пред се од областа на организираниот криминал и корупцијата во Македонија.

Коалицијата **„Сите за правично судење"** ја заврши 2014 година со реализација на 5 проекти како дел од стратешката програма за работа до 2014 година. Поради низа на објективни причини и настанатите промени во минатата година, деловното портфолио на Коалицијата е значително намалено споредбено со претходниот период. Причините во прв ред се однесуваат на повлекувањето на дел од досегашните стратешки поддржувачи на организацијата а дел се како резултат на недоволно развиените организациски капацитети за учество на повиците од

европските фондови како и нивната достапност - проблем со кој реално се соочуваат поголем број на организации од граѓанското општество во Македонија. Сепак и при вакви состојби Коалицијата продолжи да биде насочена кон своите стратешки определби согласно мисијата, визијата и програмата за работа, а тоа е следењето на судските случаи и изготвувањето на анализи за работата на правосудните органи и надгледување на нивната работа.

Коалицијата и во 2014 година продолжи со имплементација на програмата за Поддршка на човековите права, односно проектот за давање на правна помош на жртви од тортура при полициско постапување. Така започнувајќи од 2006 година до крајот на 2014 година преку овој проект се обезбедуваа бесплатна правна помош за граѓани кои се жртви на полициска постапка во преткривичната и кривичната постапка.

Александра Богдановска
ВД Извршна директорка
30.04.2015 Скопје

# Реализирани Проекти во 2014

## Мониторинг на судски предмети од областа на организиран криминал и корупција

Во 2007 година Коалицијата "Сите за правично судење" започна со проектот *"Проценка на потребата за развој на програма за набљудување на судските постапки во врска со корупцијата во Република Македонија*". Оттогаш па наваму секоја година се спроведува проекти кои допираа во разни сегменти од мониторингот на судските постапки од областа на корупцијата. Така и во овој проект се надоврзува долгогодишната пракса а беше спроведуван во периодот од октомври 2014 – февруари 2015.

Проектот е дел од Акциска мрежа за добро владеење, финансиран од страна на Европската Комисија преку Програмата IPA Civil society facility (CSF) спроведуван од фондација Метаморфозис, во соработка со Македонски центар за европско образование и Реактор. Како дел од проектот грантистите добија пет обуки како задолжителен и составен дел од проектот Акциска мрежа за добро владеење. Обуките се одвиваа по следниот редослед:

- Принципи на отвореност од 1-2 октомври во Хотел „Порта" во Скопје
- Проектен менаџмент според правилата на ЕУ од 15-17 октомври во Хотел „Аурора" во Берово
- Пристапување кон Европската Унија од 29-31 октомври во Хотел „Дрим" во Струга
- Застапување, слободен пристап до информации и антикорупциски практики од 12-16 ноември во Хотел „Сириус" во Струмица и
- Онлајн алатки и употреба на податоци од 26-28 ноември во Хотел „Романтик" во Дојран



***Дел од грантистите на обуката во Берово***

Целите на проектот се зајакнување на независноста, ефикасноста и правичноста на судството во борбата против организираниот криминал и корупција, утврдување на односот на

предмети поведени пред Државна комисија за спречување на корупција, спрема предметите кои имаат судска разрешница во кривична или прекршочна постапка и евалуација на судската ефикасност преку мониторинг на имплементацијата на законските измени од минатиот период. На крајот од се изготви анализа на кривично правниот одговор во борбата против организираниот криминал и корупцијата и воедно се изврши проценка на нивото на почитување на стандардите на правично судење.



***Дел од грантистите на обуката во Дојран***

Дел од активностите на проектот меѓу другото беа и мониторинг на судски предмети од областа на организиран криминал и корупција, обработка и анализа на податоци, подготовка на анализа, за состојбата со спроведувањето на праксата и имплементација на меѓународни стандарди за правично судење.




***Судската ефикасност и остварувањето на фер и правично судење***

## Мониторинг на имплементација на меѓународни стандарди за правично судење во рамки на Основен суд Скопје I Скопје

Коалицијата "Сите за правично судење", во периодот од 1 ноември 2014 започна да го спроведува проектот *"Мониторинг на имплементација на меѓународни стандарди за правично судење во рамки на Основен суд Скопје I Скопје"*. Проектот е дел од Мрежа 23, спроведуван од страна на Институтот за Европска политика – ЕПИ како носител на Проектот „Мрежа 23" и партнерските организации Хелсиншки комитет за човекови права на Република Македонија и Центарот за управување со промени а истиот е финансиран од страна на Европската Унија.

Основната цел на проектот се однесува на зголемување на довербата на јавноста во правниот систем и судството, преку идентификување на проблемите во судскиот систем а истовремено и нагласување на потребата за правни и институционални реформи преку кои ќе се обезбеди поголемо почитување на стандардите за правично судење пред домашните судови како и запознавање на јавноста со стандардите за правично судење.



***Дел од грантистите на обуката во Битола***

Набљудувањата се одвиваа пред граѓанскиот и кривичниот суд во Скопје а благодарение на претходната одлична соработка со кривичниот суд каде Коалицијата мониторира предмети од областа на корупцијата години наназад, истата немаше никакви потешкотии да ја започне таа практика и пред граѓанскиот суд. Проектот е во завршна фаза и во текот на месец мај ќе се организира настан на кој ќе биде презентиран и извештајот од мониторирањето во рамките на Основен суд Скопје I – Скопје. Како дел од проектот грантистите добија три обуки кои беа задолжителни за сите грантисти на Мрежа 23. Обуките се одвиваа по следниот редослед:

- Мониторинг и евалуација на јавните политики од Поглавјето 23 - правосудство и темелни права од 31 октомври-2 ноември 2014 во Хотел „Карпи" во Битола
- Развојот, структурата и содржината на Поглавјето 23 - правосудство и темелни права од 11-14 декември 2014 во Хотел „Дрим" во Струга
- Стратешко планирање на Мрежа 23 - од 19-22 март 2015 во Хотел „Дрим" во Струга

Како главна проектна активност е анализа на работата на Основен суд Скопје I - Скопје, а посебно во делот на имплементација на меѓународните стандарди за правично судење преку спроведување на мониторинг на избран примерок од 40 судски предмети со цел да се испита примената на меѓународните стандарди за правично судење во текот на судската постапка.



***Дел од грантистите на обуката во Струга***

Подготовка на аналитички извештај кој што ќе даде еден компаративен преглед на домашната регулатива и законската регулатива на други земји и одредбите од меѓународните документи ќе биде финалниот продукт. Од резултатите и заклучоците ќе бидат дадени препораки за идни решенија кои би придонеле за доследна примена на меѓународните стандарди за правично судење. Континуираната ПР кампања за реализираните активности во тек на имплементација на проектот се спроведуваше преку веб страната и Facebook профилот на Коалицијата. Организирање на прес конференцијата ќе биде последна активност на која што ќе се презентираат резултатите од проектот.

## Проект за поддршка на човековите права

Во континуитет *“Проектот за поддршка на човековите права*” се спроведува од 2004 година, а во 2014 година беше финансиски поддржан од Доброволниот фонд за жртвите од тортура при ООН – UNVFVT.

Овој проект Коалицијата Сите за правично судење го реализираше во партнерство со “Здружение за Заштита на правата на детето” – Скопје, “Центар за граѓанска иницијатива” – Прилеп и “Избор” – Струмица.

Основната цел на проектот е обезбедување на еднаков пристап до правдата на потенцијални жртви од полициска злоупотреба или тортура преку обезбедување на бесплатна правна помош. Во давањето на бесплатна правна помош на малолетни лица кои се потенцијални жртви на тортура во 2014 Проектот соработуваше и со Првата детска амбасада во светот Меѓаши.

Во рамките на овој проект на подрачјето на цела Република Македонија беше дадена правна помош на 10 ново регистрирани случаи на полициска злоупотреба, притоа се следеа 4 активни предмети од 2013 година, а во 2014 година беше ангажиран адвокат за бесплатна правна помош во 2 судски случаи (1 случај за малтретирање во вршење на службата и еден случај за непостапување).

На 26-ти јуни ден кога се одбележува Меѓународниот ден за поддршка на жртвите од тортура Коалицијата на здруженија на граѓани "Сите за правично судење" ја изрази својата поддршка за жртвите од тортура а по тој повод се приклучи кон одбележување на значајноста на ефикасното детектирање и спречување на сите облици на тортура.

**ПРОЕКТ ЗА ПОДДРШКА НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА**

**Human Rights Support Project**

***ППЧП***

Оваа година, канцеларијата на Високиот Комесар по повод Меѓународниот ден за поддршка на жртвите од тортура подготви и веб страна посветена на жртвите donatenow.ohchr.org/torture каде заинтересираните страни може да донираат парични средства.

Проектот за поддршка на човековите права се имплементира на целата територија на Република Македонија и во рамките на истиот заедно со своите проектни партнери нуди бесплатна правна помош, советување од психолог, финансиска помош односно покривање на трошоците за потребната лекарска документација, правна помош и адвокатско застапување пред суд на граѓани кои сметаат и се жртви на полициска злоупотреба или тортура.

Заклучно со декември 2014 година, Коалицијата Сите за правично судење го заокружи нејзиниот 10 годишен ангажман и посветеност во Проектот за поддршка на човековите права.

# Реализирани Проекти во 2013

## Младите и Полицијата – Кои се нашите права?

Овој проект се реализираше во периодот од септември 2013 до февруари 2014 година во соработка со Фондација за дебата и едукација – ЈИЕ Идеа Скопје. Проектот е финансиран од проектот за граѓанско општество на УСАИД.

Целта на овој проект е доближување на работата на полицијата до младите, хуманизација на обостраниот однос и создавање на критичка свест за односот со полицијата и органите на редот, а со цел почитување на правната држава и рушење на стереотипите за односот на младите кон полицијата. Запознавање на младите со Законот за правда на децата, Законот против прекршоците за јавниот ред и мир и поголемо почитување на човековите права. Целна група се млади луѓе на возраст од 16 до 24 години, граѓани на Р. Македонија. Во рамки на овој проект беа одржани 5 работилници во пет градови низ Републиката и тоа: Битола, Кочани, Струмица, Гостивар и Скопје.



***Работилница: Младите и полиција во Кочани***

Како финален продукт од овој проект, во соработка со партнер организацијата ЈИЕ Идеа, беа изработени веб страна http://www.mojapolicija.mk/ и мобилна апликација наменети за веб едукација на младата популација (https://play.google.com/store/apps/details?id=com.IdeaSee.MojaPolicija).




***Мобилната апликација - Младите и полицијата***

## Следење на предмети од областа на организираниот криминал и корупцијата

Имплементацијата на проектот *„Следење на предмети од областа на организираниот криминал и корупцијата“* продолжи и во 2013 година. За разлика од претходните години кога набљудувањето се спроведуваше во повеќе основни судови низ Република Македонија, во оваа година (01.09.2012 до 31.08.2013) со проектот се набљудуваа само предмети што се водат пред Одделението за организиран криминал и корупција во Основниот суд Скопје I Скопје. Идејата вниманието да го насочиме само на овој суд т.е. одделение произлезе од значително зголеменото интересирање за судските постапки посебно во делот на организираниот криминал и корупцијата, а од причина што овие кривични предмети постои можност за значителни повреди на човековите права на обвинетите лица од една страна, како и поради фактот што сериозноста и законската борба против корупцијата е суштински потребна за засновање на демократско општество од друга страна.

Со истражувањето беа опфатени податоци од вкупно 37 предмети со 254 рочишта, набљудувани во периодот од 01.10.2012 до 31.07.2013 година, кои се водеа пред Одделението за организиран криминал и корупција. Од овие предмети, 41% односно 15 предмети се пресудени, а останатите 59% или 22 предмети беа сè уште во тек. Во рамките на овој број предмети, кривичната постапка се водела за вкупно 47 кривични дела, за вкупно 438 обвинети лица, од кои во пресудените предмети осудени се 205 лица.



***Презентација на извештајот во Скопје***

Финалниот аналитички извештај од проектот во печатена верзија достапна на македонски, албански и англиски јазик беше дистрибуирана до целокупната стручна јавност. Заклучоците и препораките содржани во извештајот беа презентирани на прес-конференција одржана на 30 Септември 2013 година. Врз основа на препораките кои произлегоа од спроведената анализа, се очекува да се преземат конкретни мерки на законодавен и институционален план за надминување на вообичаените слабости и подобрување на судската ефикасност.

## Поддршка на кривично правната реформа за промоција на владеењето на правото и стандардите за правично судење

Стапувањето во сила на новиот Закон за кривична постапка на 31 Декември 2013 година претставуваше најголемата реформа која Република Македонија ја има направено во кривично правниот систем и претставува премин од традиционалниот инквизиторски модел кон модел кој во многу погледи е сличен на акузаторниот модел карактеристичен за државите од англо - саксонскиот правен систем.

Имајќи ја во предвид важноста на новиот Закон за кривична постапка започнувајќи од 27 Март 2014 година Коалицијата „Сите за правично судење" во партнерство и со финансиска поддршка на Мисијата на ОБСЕ во Скопје го имплементираше проектот *„Поддршка на кривично правната реформа за промоција на владеењето на правото и стандардите за правично судење."* Реализацијата на проектот е базирана на набљудување на кривични предмети што се водат по новиот Закон за кривична постапка, врз основа на што ќе произлезат заклучоци за имплементацијата на Законот за кривична постапка, но и за почитувањето на човековите слободи и права, гарантирани со Устав и закон, пред судовите во кривичната постапка, дополнително ќе произлезат и заклучоци за транспарентноста на судството.

Два паралелни мониторинг пристапи беа спроведени од страна на професионалните набљудувачи и од страна на нестручната јавност кои придонесоа кон сеопфатен преглед на кривичната постапка и транспарентноста на судството.



***Еднодневна обука на непрофесионалните набљудувачи во Скопје***

Набљудувањето беше спроведено во десет основни судови во Република Македонија. За потребите на овој проект беа ангажирани вкупно 10 професионални набљудувачи кои во четирите апелациони подрачја набљудуваа вкупно 75 кривични предмети кои се водат по новиот Закон за кривична постапка. Од добиените податоци од набљудуваните предмети произлезе стручна проценка за потребите за измена и дополнување на Законот за кривична постапка и детекција на проблемите кои претставуваат пречка за практична примена на кривичната постапка.

Преку овој проект Коалицијата Сите за правично судење за прв пат ја започна активноста - пилот проценка за јавноста и транспарентноста на судењата од позиција на нестручната јавност. По пат на јавен оглас беа избрани 20 непрофесионални набљудувачи. Во соработка со интернационални експерти од Court Watch Poland Foundation НВО специјализирана за мониторирање на судења од страна на нестручната јавност и со долгогодишно искуство во областа, организиравме еднодневна обука за одбраните 20 непрофесионални набљудувачи.

Непрофесионалните набљудувачи присуствуваа на вкупно 102 рочишта од кривични предмети што се водат по новиот Закон за кривична постапка преку пополнетите прашалници бевме во можност да ја согледаме нивната перцепција за јавноста и транспарентноста на судењата.

Пилот активноста за мониторинг на судски постапки од страна на нестручната јавност има потенцијал да се развие во посебна програма на Коалицијата Сите за правично судење.

Реализацијата на проектот траеше до декември 2014 година. Финансиската поддршка во износ од 12,900.00 ЕУР е обезбедена од Мисијата на ОБСЕ во Скопје.

## Поглед однадвор - Дали и како се обезбедува потребната судска заштита на жртвите од семејно насилство при изрекување на привремените мерки за заштита ?

Постоечките ресурси и мрежа на набљудувачи на Коалицијата „Сите за правично судење“ беше искористена за потребите на проектот *„Поглед однадвор“ – Дали и како се обезбедува потребната судска заштита на жртвите од семејно насилство при изрекување на привремените мерки за заштита ?”*

Во рамките на овој проект кој Коалицијата го имплементираше во партнерство со Здружението за еманципација, солидарност и еднаквост на жените на Р. Македонија – ЕСЕ беа ангажирани вкупно 10 набљудувачи, обучени за набљудување на судски предмети. Имајќи ја во предвид спецификата на предметите за изрекувањето на привремените мерки за заштита како одделен вид на граѓанско правна заштита, беше одржана и посебна дводневна обука за набљудувачите со цел истите да бидат обучени на темата спречување и заштита од семејното насилство.

Набљудувањето беше спроведено во 11 основни судови во Р. Македонија каде се набљудуваше првостепената судска постапка за изрекување на привремените мерки за заштита од семејно насилство. Од голема важност е да се нотира дека при реализација на мониторинг активноста во соработка со судовите беше овозможено и да се изврши увид во завршени судски предмети се со цел да се обезбедат повеќе податоци за подготовка на анализата.

Наодите од анализата беа презентирани на тркалезна маса одржана на 8 јуни 2014 година на која присуствуваа судиите кој работат во областа на семејното насилство, на средбата беше поттикната дискусија помеѓу судиите се со цел да се извлечат препораки за унапредување на постапката за изрекување на привремени мерки за заштита од семејно насилство.

Добрата соработка која произлезе од спроведувањето на овој проект ја отвори можноста за понатамошна заедничка соработка со Здружението за еманципација, солидарност и еднаквост на жените на Р. Македонија – ЕСЕ.



***Еднодневна обука на набљудувачи во Скопје***

Финансиските средства за ангажирање на Коалицијата „Сите за правично судење“ се во вкупна висина од 8,470.54 УСД и истите се обезбедени од Проектот на УСАИД за граѓанско општество, имплементиран од Фондацијата Отворено општество Македонија, ФООМ.

# Посетени Регионални Обуки во 2013/2014

## Годишен состанок за следење на судењето

Во последните неколку години откако конференцијата е отворена за НВО, претставници од Коалицијата Сите за правично судење учествуваат на Годишната конференција за судски мониторинг организирана од ODIHR (Office for Democratic Institutions and Human Rights), каде претставници од теренските мисии на ОБСЕ и претставници од невладини организации разменуваат искуства и добри практики во спроведувањето на методологиите за мониторинг на судски постапки.

2013 Annual Trial Monitoring Meeting организиран од страна на OSCE Office for Democratic Institutions and Human Rights (ODIHR) во Варшава, Полска на 7 и 8 октомври 2013 година.

2014 Annual Trial Monitoring Meeting, организиран од страна на OSCE Office for Democratic Institutions and Human Rights (ODIHR) во Тбилиси, Грузија на 26, 27 и 28 ноември 2014 година.



***Annual trial monitoring meeting во Тбилиси, Грузија.***

# 10 Години Сите за правично судење

По повод десетгодишнината од своето основање, Коалицијата Сите за правично судење со поддршка од Проектот на УСАИД за јакнење на судството во РМ, организираше трибини во седум градови (Битола, Штип, Струмица, Струга, Кочани, Гостивар и Скопје) во Македонија на тема „10 години имплементација на меѓународните стандарди за правично судење во Македонското судство".

Трибините се одржаа со следниот распоред:

- 02.12.2013 година во Струмица - Дом на АРМ.
- 03.12.2013 година во Битола - хотел Милениум
- 04.12.2013 година во Струга - хотел Дрим
- 05.12.2013 година во Скопје - хотел Холидеј Ин
- 06.12.2013 година во Кочани - Собрание на Општина Кочани
- 10.12.2013 година во Гостивар - Собрание на Општина Гостивар
- 11.12.2013 година во Штип – хотел Оаза

Целта на овие трибини беше да се даде осврт на работата на Коалицијата во изминатите 10 години преку следење на почитувањето на човековите права и слободи, особено на меѓународните стандарди за правично судење преку разни форми на делување во настојувањето да се зголеми нивото на нивното имплементирање, како и да се иницираат институционални и правни реформи и да се врати довербата на граѓаните во судството и другите институции на системот во Р. Македонија.

На трибините учество земаа претставници од Проектот за јакнење на судството УСАИД Македонија судии, обвинители, адвокати, канцеларијата на народниот правобранител и граѓански организации кои работат во делот на заштита на човековите права.




***Доделување на благодарници во хотел Холидеј Инн, Скопје***

# Финансиски Извештај за 2014

## Биланс на приходите и расходите (на 31.12.2014)

| | ПРИХОДИ | |
|---|---|---|
| 1 | Приходи од камати и позитивни курсни разлики | 399 ден. |
| 2 | Приходи од членарини, подароци, донации и приходи од други извори | 2.374.083 ден. |
| 3 | Пренесен дел од вишокот на приходите од претходната година | 182.516 ден. |
| | **Вкупни приходи:** | **2.556.998 ден.** |

| | РАСХОДИ | |
|---|---|---|
| 1 | Потрошени материјали | 70.137 ден. |
| 2 | Потрошена енергија | 5.435 ден. |
| 3 | Други услуги | 120.654 ден. |
| 4 | Превозни - транспортни услуги | 48.950 ден. |
| 5 | Наемнини | 16.559 ден. |
| | *Вкупни материјални расходи, услуги и амортизација* | **261.735 ден.** |
| 6 | Провизија за платниот промет | 15.170 ден. |
| 7 | Надоместоци на трошоците на работниците и граѓаните | 2.018.620 ден. |
| 8 | Други расходи | 97.369 ден. |
| | *Вкупни други расходи* | **2.131.159 ден.** |
| | **Вкупни расходи:** | **2.392.894 ден.** |

| | | |
|---|---|---|
| | **ОСТВАРЕН ВИШОК НА ПРИХОДИ (ДОБИВКА ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕ)** | **164.104 ден.** |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА (НА 31.12.2014)

| | СРЕДСТВА | |
|---|---|---|
| 1 | Опрема | 321.600,00 ден. |
| 2 | Парични средства | 164.104,00 ден. |
| | **Вкупни средства:** | **485.704,00 ден.** |

| | КАПИТАЛ И ОБВРСКИ | |
|---|---|---|
| 1 | Деловен фонд | 321.600,00 ден. |
| 2 | Обврски за примени помошти, донации и други давачки од правни субјекти | 164.104,00 ден. |
| | **Вкупни капитал и обврски** | **485.704,00 ден.** |

# Дел од Нашите Публикации


Човековите права во полициска постапка - Правна анализа за 2011 година


Судската ефикасност во справување со корупцијата - Извештај за 2011 година


Набљудување на судските предмети во кои новинари се обвинети за клевета и навреда


Национални механизми за заштита на човековите права


Мониторинг на судски предмети од областа на трговијата со луѓе и илегалната миграција во Македонија 2010 година


Судската ефикасност во заштита на човековите права во предметите од областа на корупцијата - Анализа за 2010 година


Судската ефикасност во справување со корупцијата - Извештај за 2010 година


Механизми за заштита на човековите права во случаи на пречекорување на полициските овластувања


Следење на предмети од областа на трговија со луѓе и илегална миграција во 2009


Судската ефикасност во справувањето со корупцијата во Република Македонија


Јавност и транспарентност во судските постапки од областа на изборните нерегуларности


Извештај за заштита на човековите права при полициска злоупотреба и при тортура 2008 година


Финален извештај за институционалниот одговор против изборните нерегуларности 2008 - 2009 година


Набљудување на институционалниот одговор врз изборните нерегуларности


Потреба од следење на судските предмети од областа на корупцијата


Трговијата со луѓе и илегалната миграција перципирани од главните актери во кривичната постапка


Ефикасноста на судовите при справување со феноменот организиран криминал 2005, 2006, 2007 година


Казненопоправен одговор на организираниот криминал


Улога на заедницата во замена на казната затвор


Проценка на состојбата со алтернативните мерки во Република Македонија


Успешното спречување на изборните нерегуларности - клучен фактор за фер и демократски избори


Проект за поддршка на човековите права, извештај за периодот 2004/2005 година


Трговија со луѓе


Прирачник за набљудување на судења

# Контакт Информации

Тимот на националната канцеларија на Коалицијата се состои од:

| МИРЈАНА И. БОЈАЏИЕВСКА<br>ПРЕТСЕДАТЕЛ | АЛЕКСАНДРА БОГДАНОВСКА<br>ВД ИЗВРШНА ДИРЕКТОРКА | ДАНИЕЛ МИТКОВСКИ<br>АДМИНИСТРАТОР |
|---|---|---|
| **Тел** 00 389 71 333503<br>**Факс** 00 389 2 6139874<br>president@all4fairtrials.org.mk | **Тел** 00 389 76 454755<br>**Факс** 00 389 2 6139874<br>abogdanovska@all4fairtrials.org.mk | **Тел** 00 389 71 343021<br>**Факс** 00 389 2 6139874<br>dmitkovski@all4fairtrials.org.mk |
| **ГОЦЕ СИТНИКОСКИ<br>ПРОЕКТЕН КООРДИНАТОР** | **ФРОСИНА ДОНИНОВСКА<br>ПРОЕКТНА КООРДИНАТОРКА** | |
| **Тел** 00 389 71 390421<br>**Факс** 00 389 2 6139874<br>gsitnikoski@all4fairtrials.org.mk | **Тел** 00 389 2 6139874<br>**Факс** 00 389 2 6139874<br>fdoninovska@all4fairtrials.org.mk | |

# Информации за Коалицијата




***Погледни ја Коалиција Сите за правично судење на мапа***

Коалиција на здруженија на граѓани Сите за правично судење
ул. Македонија 11/2-10, Скопје, 1000
**Тел.** 00 398 2 6139874
**Факс.** 00 398 2 6139874
www.all4fairtrials.org.mk